# ЉУБЕН Г. ЛАПЕ

Академикот и универзитетскиот професор Љубен Г. Лапе е роден на 11 октомври 1910 година во Прилеп во семејство на сезонски ѕидарски работник.

Основното образование и седум класа гимназија завршил во Прилеп. Поради укинување на гимназијата во родниот град, VIII-от клас гимназија и матурата ги завршува во Битола. Дипломира на Филозофскиот факултет во Белград на Групата за историја во 1936 година.

По дипломирањето најнапред работи како хонорарен наставник во Трговско-занаетчиско училиште во Прилеп од 1936 до учебната 1939/40 година, и дури на 18. IV. 1940 година е поставен за суплент во Гимназијата во Подгорица (денешен Титоград). На ова работно место го затечува Априлската војна 1941 година.

За време на окупацијата бил на служба како професор во Гимназијата во Струмица, а потоа преместен во Бугарија во Елхово и во Панаѓуриште.

По ослободувањето професорот Љ. Лапе е поставен од Президиумот на АСНОМ за прочелник на Просветниот оддел на Обласниот народно-ослободителен одбор во Битола (од 13. XI. 1944), од јануари 1945 до јули 1946 година за помошник-министер во Министерството за просвета на Народна Република Македонија. Потоа, работи два месеца и како шеф на Кабинетот на Претседателот на владата на Народна Република Македонија до 1 октомври 1946 година. Од втората половина на м. јули 1946 година добил задача со тројца негови колеги да го организираат Филозофскиот факултет во Скопје, каде стапил на работа и останува сè до неговото пензионирање.

На Филозофскиот факултет најнапред е биран за универзитетски предавач од 1. X. 1946 до 1949 година. По одбраната на неговиот хабилитационен труд, на тема „Прилог кон изучувањето на општествено-економските и политичките прилики во Македонија во XVIII век“, е избран за доцент на 1. XII. 1949 година. За вонреден професор е унапреден во 1957 година, а на

9. XII. 1964 година е избран за редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во 1972 година професорот Љубен Лапе е избран за дописен, а во 1976 година за редовен член на Македонската академија на науките и уметностите.

По неговото пензионирање Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го продолжи својството на работник за уште две учебни години (1976/77 и 1977/78), заради потребата од неговата стручна помош во наставно-научната работа при Наставно-научната студиска група по историја на Факултетот.

Животниот пат на професорот Љубен Лапе го бележи и самото време, но и тој излегува во пресрет на барањата на времето во кое живее и работи.

Професорот Љубен Лапе ѝ припаѓа на напредната — комунистички ориентираната — генерација на млади интелектуалци од Прилеп и во Вардарска Македонија, која зеде активно учество и одигра крупна улога како во политичките акции против хегемонистичкиот великосрпски режим во стара Југославија, така и подоцна и во Народноослободителната војна.

Уште како студент е ангажиран во напредното студентско движење во Белград. Во Прилеп бил претседател на студентското друштво. Се вклучува во многу акции од културно-просветен и политички карактер во градот што ги преземала и организирала месната партиска организација на Комунистичката партија на Југославија во Прилеп.

Заради ваквиот свој став и активноста, противна на власта и режимот, не добил постојано вработување многу години по дипломирањето на Филозофскиот факултет во Белград, дури бил прогонуван и затворан.

За време на окупацијата го помагал морално и материјално Народноослободителното движење. Од страна на бугарскиот окупатор бил под постојан полициски надзор, апсен, преместуван и интерниран во Концентрациониот логор во Чучулигово (Бугарија, Пиринска Македонија).

Откако се вратил во татковината по ослободувањето, професорот Љубен Лапе е ангажиран на мошне одговорни сектори во обновата и изградбата. на земјата. Со оглед на неговата стручност тој работи врз изградбата на школството, просветата; учествува во основањето и организирањето на одредени образовни и научни институции во Народна Република Македонија (Педагошката академија во Скопје, Институтот за национална историја, Архивот на Македонија и Филозофскиот факултет во Скопје). На Филозофскиот факултет ги поставил основите на Катедрата (сега наставно-научна студиска група) за историја, бил нејзин долгогодишен шеф и каде што од основањето на Филозофскиот факултет до денес држи предавања по историја на

македонскиот народ. Исто така тој е еден од основоположниците на постдипломските студии за историја на македонскиот народ при Катедрата за историски науки на Филозофскиот факултет и на кои одржува предавања од својата потесна специјалност.

Ја формирал Библиотеката на Семинарот по историја на Филозофскиот факултет, бил нејзин постојанен раководиел и вложил максимални напори за збогатување на истата со стручна литература, така што за релативно кусо време таа стана една од најкомплетните библиотеки кај нас за проучување историјата на Македонија и на македонскиот народ.

Од 1952 до 1956 година покрај редовната наставно-научна работа на Факултетот, тој ја вршел и должноста директор на Институтот за национална историја, каде што покрај библиотеката го основал и бил долго време главен и одговорен уредник на списанието „Гласник на Институтот за национална историја" орган на истата институција, што непрекинато излегува од 1957 година, презентирајќи ги најновите резултати од проучувањето на историјата на македонскиот народ.

Професорот Љубен Лапе бил еден од иницијаторите и основачите и на други стручни — главно историографски — списанија, како што е и списанието „Историја“ — орган на Сојузот на друштвата на историчарите на Социјалистичка Република Македонија и повеќе години членувал во неговиот редакциски одбор. Неговото име го наоѓаме и во списокот на редакциите и на другите стручни републички и сојузни списанија, и е ниven редовен соработник со своите прилози.

Членувал во многу републички, универзитетски и сојузни стручни комисии, совети или самоуправни органи, како на пример, на Историскиот оддел на бив. Институт за друштвени науки на СФРЈ во Белград, на Научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје, на Советот на Историскиот музеј на Македонија, на Архивскиот совет на Архивот на Македонија, на Националната комисија за историја на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија; бил претседател на Советот на Етнографскиот музеј на СР Македонија, потоа, член на Универзитетскиот совет, на Одборот за доделување на републичката награда „11 Октомври“ и др.

Зел учество на сите досегашни конгреси на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, на кои бил биран во раководните тела и дал значаен придонес во работата на конгресите и со свои научни реферати. Учествувал и во работата на меѓународните конгреси на историчарите во Рим, Прага и Софија.

*
* *

Професорот Љубен Лапе се афирмира како плоден научен работник.

Неговиот научен опус се дефинира главно на три сектори врз кои работи и тоа во проучување нововековната историја на македонскиот народ, во истражување, обработка и објавување архивски материјали и на составување прирачници за наставата по историја.

Од ова подрачје објавил бројни трудови во низа научни списанија, зборници, монографии или во одделни книги.

Ориентирајќи се главно на истражување и обработка на поновата историја на македонскиот народ (XIX и почетокот на XX век до 1918 година) професорот Љубен Лапе, речиси, не пропуштил ниту едно подрачје или прашање, не одбегнувајќи ги при тоа ни најделикатните, коишто се од суштествено значење за интегралниот третман, односно кои ги определуваат белезите и посебностите на тоа наше минато. Такви се неговите написи на пример, за појавата на чифлигарството, за продирањето на капитализмот во Македонија и неговите особености и последици врз сите слоеви на македонскиот народ, за формирањето и улогата на македонското граѓанство, преродбенското движење, или историјата на Егзархијата и останатите црковни и странски пропаганди во Македонија, за востаничките движења на македонскиот народ во 70-те и 80-те години на XIX век. Посебно се задржувал врз Илинденскиот период односно врз појавата и развитокот на организираното национално-ослободително движење на македонскиот народ (на чело со ТМОРО), обработката на ликовите на одделни македонски революционери — водачи на востанијата од тоа време итн. Освен тоа, посветил внимание и на културно-просветните прилики давајќи свој придонес за нивниот правилен третман и сл.

Неговите научни трудови се одликуваат со строга критичност, научна методологија и техника. Тие се засновани врз нему својствената педантна, сестрана и темелна анализа и критички проучената постојна и нова архивска документација и литература, истражувана во архивите и библиотекие во нашата земја (Скопје, Битола, Белград, Загреб и др.) и во Европа (Париз, Лозана, Женева, Москва, Ленинград, Софија).

Со своите прекрасни особини на примерен, трудољубив и ангажиран вљубеник во својата професија, со немирен и упорен истражувачки дух — тој е мошне успешен во истражувањето и презентирањето на вистините за историјата на македонскиот народ, борејќи се истовремено и отстранувајќи ги напластените со децении тенденциозните искривувања и узурпирања на нашето минато од страна на буржоаската историографија на соседните земји. Во последново го согледуваме и фактот дека во

својата научно-,истражувачка работа бил исправен пред мошне тешка, деликатна и одговорна задача.

Затоа научните трудови на професорот Љубен Лапе се оценети како пионерски зафати на полето на македонската историографија по ослободувањето.

Од капитално значење се оние негови трудови кои беа долго очекувани од нашата јавност и првообјавени како прилози во „Историја Југославије“ (I, II, Београд, 1953, 1960), и во тритомната „Историја на македонскиот народ“ (II, Скопје, 1969 г.). Од таков карактер се и повеќето енциклопедиски единици од историјата на македонскиот народ во „Енциклопедија Југославије“ на Југословенскиот лексикографски завод — Загреб, и во „Мала енциклопедија“ на „Просвета“ во Белград, чијшто соработник бил и е долги години.

Тоа се првите систематски и континуирано обработени прегледи на настани и личности од историјата на македонскиот народ, почнувајќи од доселувањето на Јужните Словени на Балканскиот Полуостров па сѐ до XX век. Во нив професорот Љубен Лапе ги опфатил, разработил и прикажал суштествените — економски, социјални и политички фактори од кои била обусловена посебноста во историскиот развиток на македонскиот народ во означениот период. Освен тоа тој се смета за научник кој ја дал првата периодизација на историјата на македонскиот народ.

Овие негови обопштителни прилози од историјата на македонскиот народ во основа се важечки и за денешниот степен на развитокот на македонската историографија.

И со оглед на тоа што историографијата (како и секоја друга наука) треба да наоѓа и своја апликација, со право може да се рече дека преку научното дело на професорот Љубен Лапе се запознавала и се запознава нашата јавност со историјата на македонскиот народ, односно сега на македонските генерации им се презентира нивната автентична историја, врз која тие денес се воспитуваат и образуваат. Исто така, преку неговите трудови се популаризира значаен дел од нашето минато и среде широката југословенска јавност.

Врз тие прегледи на историјата на македонскиот народ се образувани и се образуваат и бројните наставни и научни кадри по историја, преку студиите на историските науки на Филозофскиот факултет или на Педагошките академии. Впрочем, биографите на професорот Љубен Лапе и до сега со право констатирале дека со неговото име е сврзана и првата наставна програма и наставните содржини за историјата на македонскиот народ во слободна Македонија, наменети за бројните генерации ученици како од основните така и во средните училишта, што се воспитувале и образувале врз минатото на својот народ, учејќи, меѓу другото, за востаничките движења на македонскиот на-

род во последните децении на XIX век, за Илинден, за Крушевската Република, за Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев и за многу други настани и плејада други револуционери од овој период. Исто така врз првите текстови што ги објавил професорот Љубен Лапе, во кои се дадени прегледи на историскиот развиок на македонскиот народ, се пишувани од не мал број автори и соодветните содржини во учебниците по историја наменети како за основното, така и за средното насочено образование во Социјалистичка Република Македонија.

Се разбира, научниот опус на професорот Љубен Лапе не се исцрпува само со реченото, зашто тој е иницијатор, организатор и раководител или е во редакциите на многу научни проекти, и е заслужен за публикување на многу научни трудови, зборници и монографии од историјата на македонскиот народ.

Тој е поттикнувач и организатор или се наоѓа, речиси, редовно во раководните тела на многу научни симпозиуми по различна тематика од нашето блиско или подалечно минато.

Професорот Љубен Лапе е ангажиран и има признати заслуги и за поставување основите на архивистиката во нашата Република.

Свесен дека македонската историографија, доколку ќе сака да се развива, ќе мора да вложува напори на полето на истражувањето на архивската документација, особено со оглед на нашето тешко минато, и што истата, распрсната и непроучена, се наоѓа во низа соседни и други земји не само во Европа, — со посебен ентусијазам придонел во значителна мера архивистиката во Социјалистичка Република Македонија да постигне за релативно кусо време од своето постоење бележливи резултати.

При тоа од посебно значење е неговата работа во истражувањето, обработката и објавувањето на архивски материјали, со што значително ја задолжил историската наука и македонистиката воопшто. Со тие свои мошне вредни прилози ги проширил познанијата и создал можности за потемелно и посеопфатно проучување и обработување на одредени прашања од минатото на македонскиот народ — засновани врз нова документација до која тој дошол — истражувајќи во разни центри во земјата и во странство.

Резултатите од оваа негова дејност ги гледаме и во објавените збирки на архивски документи, како што се „Писмата на Гоце Делчев“, „Неколку нови документи за 1903 година“, потоа, „Нови документи за Илинденското востание“, „Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополитите и училишните инспектори во Македонија“, „Протоколите на прилепската општина . . .“ и други.

Проучувањето на архивската граѓа во методолошки поглед му е мошне издржано. Имено, не се пропуштени релевантните методолошки елементи при нивната обработка, како што

се податоците за потеклото, карактерот и оценката на документите. Со ваквиот свој приод професорот Љубен Лапе ни се претставува како педантен, критичен и луциден истражувач, кој добро го познава времето од кое истражува и ја објавува документацијата — основниот услов за истражувачот кој работи на обработката на историската документација — и кому ништо не може да му помине „низ прсти". Затоа тој не пропуштил ниту одбегнал, а да не ги објасни непознатите (изрази, имиња, топоними и друго) во текстот на документот, односно да не го придружи со нужното експлицирање, критичка анализа и сл.

Професорот Љубен Лапе нашироко е познат сред нашата научна и општествена јавност и по своите прирачници за историјата на македонскиот народ.

Неговите „Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ" средени и обработени во две книги, кои доживеаја до денес неколку изданија, најдобро зборуваат за нивната потреба и популарност. Во „Одбраните текстови . . .", мошне успешно и на високо стручно рамниште е извршен рационален и дидактички избор на изворните текстови од минатото на македонскиот народ почнувајќи од доаѓањето на Словените на Балканот до 1918 година, придружени со неопходните коментари, објаснувања или инструкции. Тоа е прв прирачник во кој се објавени изворни текстови за историјата на македонскиот народ по ослободувањето. Затоа оваа збирка со години и денес претставува не само неопходен прирачник за студентите, туку со неговите изворни текстови се користат скоро сите наставници — историчари на своите часови во наставата по историја.

Во 1953 година во издание на Историското друштво на Социјалистичка Република Србија, професорот Љубен Лапе го објавил и „Краткиот преглед на македонската историја" во кој е опфаната историјата на македонскиот народ од II-та половина на XVIII век заклучно до 1914 година. Со тоа тој е прв наш историчар — научник преку чиишто прирачници и вакви прегледи се запознаваа наставниците и другите заинтересирани фактори со историското минато на македонскиот народ во новиот и најновиот век, во другите републики и социјалистички покраини, а и надвор од нашата земја.

Кон последново додаваме дека тој одржал бројни предавања на стручните или научните собири на историчарите во СР Македонија и за таа цел со задоволство се одзивал и на поканите и во другите републики и покраини каде што најчесто настапувал со реферати или предавања чијашто тематика или содржини биле насочени кон истакнување заемните врски во минатото на македонскиот народ со другите наши народи и народности. Поголемиот дел од овие негови драгоцени трудови се објавени во тамошните историографски списанија или зборници. Со тоа тој има посебни заслуги и за нови и проширени созна-

нија дека врските и судбинската поврзаност на нашите народи и народности имаат длабоки корени во минатото. Со ваквиот свој пример, тој ги поттикнал своите помлади колеги и во тој правец да ги насочат своите истражувања.

Автор е и на многубројни прикази, рецензии и осврти што се објавени во низа историски списанија.

*

* *

Професорот Љубен Лапе претставува олицетворение на личност која длабоко емотивно е сврзана за својот животен позив, предана и посветена не само да ги даде сите свои умни способности и физички сили на полето на науката, туку и како искрен и вистински педагог максимално и несебично да се ангажира и во изградувањето и на млади наставни и научни кадри — историчари, и чијшто придонес и во оваа смисла е општопризнат.

Во таа насока и за тие високи хумани цели професорот Љубен Лапе го жртвуваше и го жртвува и својот комодитет од личниот живот дури и со манир на аскет, посветувајќи значаен дел од своето слободно време токму на науката и својата работа како педагог и општественик. Впрочем, тоа е и непишаната неминовност (законитост) за личностите од ваквиот ков и природа.

Упорниот долгогодишен и неуморен труд е крунисан со плодни значајни резултати и бројни признанија за овој наш врвен научник на полето на историската наука во Социјалистичка Република Македонија.

Осведочен во својата долгогодишна организаторска, културно-просветна, педагошка и научна дејност, тој е заслужен носител на бројни општествени признанија. Прогласен е за доживотен и почесен претседател на Сојузот на друштвата на историчарите на Социјалистичка Република Македонија. Одликуван е со „Орден заслуги за народ од II ред“, „Орден на трудот од II ред“, „Орден на трудот со црвено знаме“, „Орден на Републиката со златен венец“, потоа, награден е со републичката награда „Климент Охридски“ и со наградата „11 Октомври“ за животно дело. Тој е еден од првите носители и на републичката награда „Гоце Делчев“, а од својот роден град е награден со наградата за животно дело „9 септември“.

Придружувајќи се кон овие и други признанија на својот професор, Филозофскиот факултет, по повод неговото пензионирање, му го посветува овој број на Годишниот зборник, упатувајќи му најдобри посакувања за долг живот и нови резултати и успеси во неговата натамошна научна, педагошка и општествена активност.

Војо Д. КУШЕВСКИ